РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-954/5
07-08-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на продолжението на 8-та седница одржана на 01.08.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот бр. 09-954/1 од 01.03.2024 година, оформен против лицето ____________, директор на ООУ „________________“ - ____________, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека наводите од пријавата не се потврдуваат и нема елементи за натамошно надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-954/1 од 01.03.2024 година, е оформен врз основа на пријава од непознат подносител доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, со наводи дека именуваното лице ________________ како директор на ООУ ________________ ја има злоупотребено својата службена положба со наводи дека истата ги има вработено нејзината сестра ___________ и внук од сестра __________ со што го прекршила Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Заради утврдување на фактичката состојба и потврдување на наводите во пријавата, ДКСК се обрати со допис 09-954/2 од 02.07.2024 година до именуваната _____________ директор на ООУ ____________- со Барање за доставување на податоци и информации: дали горенаведените лица се вработени во ООУ „___________, доколку се вработени да се достави целокупната постапка за нивното вработување и извадок од актот за систематизација со сите измени како и планот за вработување.

Исто така, ДКСК достави и допис 09-954/3 од 03.07.2024 година Барање за произнесување за блиски лица од кое беше побарано од именуваната ___________

директор на ООУ ______________, да достави изјава заверена на нотар во однос на тоа дали лицата ___________ и ______________ се нејзини блиски лица согласно член 8 став 4 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси.

Во законски утврдениот рок лицето со допис под бр. 09-954/4 од 15.07.2024 година ___________ директор на ООУ _____________ ја достави целокупната побарана документација и Изјава заверена на нотар, со која изјавува дека лицата ____________ и ____________- се нејзини блиски лица односно сестра и внук. Во врска со __________ изјавува дека нема судир на интереси бидејќи истата е вработена со Договор за вработување во период кога таа не била директор на училиштето и за ова е доставен доказ Договор за вработување склучен помеѓу __________ и тогашниот директор на училиштето ____________ а заведен под бр. 04-138 од 12.03.2008 година.

Во врска со другото лице _______, именуваната ___________ изјавува дека со самото пријавување на огласот од 2022 година кога истата е директор на училиштето истиот бил единствен кандидат и таа се изземала односно постапила согласно Законот за спречување на корупција и судирот на интереси. Видно од доставената документација именуваната ________ со допис Известување за спроведена постапка за вработување на лице блиско сродство со Директорот во ООУ __________ заведен под бр.09-9102/1 од 01.11.2022 година се има обратено до ДКСК со Барање за мислење а во врска со тоа како треба да постапи директор на основно училиште при вработување на блиско лице (внук) по оглас на неопределено време. Во дописот истата има наведено дека се испочитувани законските прописи а во врска со спроведениот Јавен оглас и дека веднаш по добиеното сознание дека по повод распишаниот оглас за работно место Работник за одржување на домот – економ домаќин ќе се пријави лице кое е во блиска роднинска врска односно крвно сродство од трет степен.

Во дописот истата наведува дека со писмена изјава бр.02-1236/1 од 16.11.2022 година го има известено Училишниот одбор за постоење на судир на интереси и од нејзина страна е побарано да биде иземена од постапката за одлучување при изборот и вработувањето за конкретното работно место. Од страна на Училишниот одбор е донесена Одлука заведена под бр. 02-1241/1 од 21.11.2022 година со која се иззема од постапката за одлучување и избор на еден извршител за работното место Работник за одржување на домот – економ домаќин и за тоа истата го има овластено Помошник директорот за спроведување на постапката. На ден 21.11.2022 година со Одлука бр.02-1250/1 Помошник директорот има извршено избор на еден кандидат за работното место Работник за одржување на домот – економ домаќин и е склучен Договор за вработување со лицето ___________ како единствен пријавен кандидат кој во целост ги исполнувал условие. Во прилог на дописот до ДКСК именуваната ___________ како доказ ги има доставено сите горенаведни акти.

Имајќи го во предвид се погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата на седницата одржана на ден 01.08.2024 година одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З. - раководител